Прашања:

1. Дали во врска со овој случај за потребите на снимање, научни и други истражувања поврзани со бетонската структура на браната Матка, на правното лице со назив „Монитера“ или на физичкото лице со име Георгиос Папастамос или можеби некое друго или правно или физичко лице, Министерството за одбрана согласно член 192 став 2 од Законот за одбрана, има издадено Одобрение за снимање, вршење научни и други истражувања во објекти и зони од значење за одбраната во врска со браната Матка, а доколку има на кој точно правен субјект или на кое физичко лице го има издадено ова одобрение?
2. Дали после објавувањето на статија „Ласерски снимки од брана стојат на интернет, авторот вели – нема причина за загриженост“ од новинарот Игор К. Илиевски на македонскиот веб портал CIVIL MEDIA, во врска со браната Матка која согласно законската регулатива (Закон за водите член 196 став 2) е објект од значење на одбраната, Министерството за одбрана согласно член 162 ставови 3 и 4 од Законот за одбрана изврши ВОНРЕДНИ инспекциски надзори во приватните субјекти ЕВН Македонија АД Скопје која е сопственик на ХЕЦ Матка и во ЕВН Македонија Електрани дооел Скопје, која непосредно стопанисува и управува со ХЕЦ Матка за да утврди факти во врска со овој случај; потоа да утврди што како Министерството за одбрана смета дека се случило во конкретниот случај; да утврди дали погоре наведените субјекти (ЕВН Македонија АД Скопје и ЕВН Македонија Електрани дооел Скопје) во врска со браната Матка ги применуваат мерките и заштита во врска со член 5 од Одлуката за определување на објектите и зоните од значење на одбраната и зоните во кои се ограничува слободата на движењето, престојот и населувањето ( „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.316/2020) односно член 5 од Одлуката за определување на објекти и зони од значење за одбраната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 83/03 и 68/16) која претходно беше на важност, како и да утврди дали и од кого во случајот можеби се направени евентуални прекршоци опфатени со одредби од Законот за одбрана и дали и од кого можеби се направени евентуални кривични дела опфатени со одредби од Кривичниот законик, итн.?

3. Дали откако во 2006 година браната Матка (која согласно член 196 став 2 од Законот за водите е објект од значење за одбраната) стана сопственост на приватната компанија со целосен странски капитал ЕВН Македонија АД Скопје па се до денес, Министерството за одбрана согласно член 165 став 2 од Законот за одбрана има извршувано РЕДОВНИ инспекциски надзори во приватните субјекти ЕВН Македонија АД Скопје која е сопственик на ХЕЦ Матка, како и во ЕВН Македонија Електрани дооел Скопје која непосредно стопанисува и управува со ХЕЦ Матка, со цел да се утврди дали погоре наведените приватни субјекти во врска со браната Матка ги применуваат мерките за безбедност и заштита во врска со член 5 од Одлуката за определување на објектите и зоните од значење за одбраната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 83/03 и 68/16) и колку Редовните инспекциски надзори во врска со браната Матка во наведениот период (од 2006 година па до денес) има извршено Министерството за одбрана поодделно во секој случај од наведените субјекти?
4. Дали Министерството за одбрана со цел овој случај во врска со ласерското скенирање на браната Матка да не се препушти на било какви случајности, сомнежи и претпоставки, ќе превземе активности во насока на целосно расветлување на истиот и утврдување дали евентуално има законски прекршувања (прекршочни/кривични) на инволвирани правни и (или) физички лица во овој случај?

Одговор:

1. До Министерството за одбрана не е доставено барање за одобрение за снимање и вршење на научни и други истражувања во објекти и зони од значење за одбраната од страна на посочените субјекти од ваша страна – правно лице „Монитера“ или на физичко лице Георгиос Папастамос.
2. Согласно Законот за одбрана, вонреден инспекциски надзор се врши врз основа на процена на генералниот односно главниот инспектор за одбрана, по барање на орган на државна власт, правно или физичко лице како и по пријава на инспектор за одбрана. До поднесување на вашето барање, во Министерството за одбрана – Сектор за инспекција, не е доставено барање ниту пак е добиено сознание за потребата од покренување на вонреден инспекциски надзор.

3. Досега, не е спроведен редовен инспекциски надзор врз субјектите кои се носители на правото на сопственост односно стопанисуваат со ХЕЦ Матка, но напоменуваме дека на годишно ниво се вршат редовни контроли само на дел од субјектите кои се од значење за одбраната.
4. Министерството за одбрана со цел да утврди дали согласно вашите наоди имало евентуално законско прекршување на инволвираните физички односно правни лица, ќе постапи согласно законските надлежности утврдени во Законот за одбрана.